Врз основа на член 393 од Законот за трговски друштва и одредбите од Статутот на РЖ ИНТЕР-ТРАНШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје, Одборот на директори на РЖ ИНТЕР-ТРАНШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје, објавува :

# ЈАВЕН ПОВИК

за учество на ПРЕЗАКАЖАНО Годишно собрание на акционери на РЖ ИНТЕР-ТРАНШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје

Се известуваат сите акционери на РЖ ИНТЕР-ТРАНШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје дека презакажаната седница на Годишното собрание на акционери на РЖ ИНТЕР-ТРАНШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје ќе се одржи на ден 17.06.2024 година (Понеделник) со почеток во 12:00 часот во просториите на седиште на друштвото на ул. 16-та Македонска бригада Бр.18, Скопје, Гази Баба, со следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;
2. Избор на Претседавач на Собранието;
3. Избор на бројач на гласови;
4. Записникот ќе го води Нотар,

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Разгледување и усвојување на записникот од Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 15.04.2024 година;
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2023 година;
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на извештајот за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година;
4. Донесување на Одлука за покривање на загубата утврдена со годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2023 година;
5. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година;
6. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2023 година;
7. Констатирање на престанок на мандат на член на Одбор на директори поради оставка;
8. Донесување на Одлука за избор на 2 (два) члена на Одбор на директори на Друштвото;
9. Донесување на Одлука за назначување на ревизорско друштво за ревизија на работењето на Друштвото за 2024 година.

Презакажаното собрание на акционери ќе одлучува со истиот дневен ред од првото свикување на годишно собрание на акционери во дневниот весник Вечер од 30.04.2024 година.

Во работата на годишното собрание на акционери можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени преставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување.

Акционерите кои ќе овластат полномошник на седницата на Годишното собрание на друштвото со давање полномошно во писмена форма се без обврска да го заверат полномошното на Нотар и треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното .

Учеството на презакажаното годишно собрание повторно не се пријавува.

На презакажаното годишно собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат.

Гласањето на годишно собрание на акционери може да се врши од акционерот лично или од полномошник на седницата .

Материјалите за работа на седницата на годишното собрание на акционери ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик , секој работен ден во просториите на друштвото што се наоѓа на ул. 16-та Македонска бригада Бр.18, Скопје, Гази Баба.

Официјалната интернет страница на друштвото е **info@intertranssped.com.mk.**

РЖ ИНТЕР-ТРАНСШПЕД АД Скопје
Одбор на директори